ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД ЕВРОПСКИОТ
ДЕН НА ЛОГОПЕДИЈАТА НА ТЕМА

**АУГМЕНТАТИВНА И АЛТЕРНАТИВНА КОМУНИКАЦИЈА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Повеќе од зборови...




...тоа е нечиј глас!

**6 МАРТ, 2018**
**СКОПЈЕ, Р.МАКЕДОНИЈА**

ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА ЛОГОПЕДИЈАТА НА ТЕМА

**АУГМЕНТАТИВНА И АЛТЕРНАТИВНА КОМУНИКАЦИЈА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**6 МАРТ, 2018**
**СКОПЈЕ, Р.МАКЕДОНИЈА**

## ОРГАНИЗАТОРИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

**СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ј.З.У. ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС-СКОПЈЕ**
**Ј.З.У. ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС-БИТОЛА**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.772.2-056.264(062)(082)
159.946.3-056.264(062)(082)

ПРВА конференција по повод европскиот ден на логопедијата на тема Аугментативна и алтернативна комуникација : 6 март, 2018 Скопје : зборник на трудови / / [организационен одбор Горан Петрушев, ... и др.]. - Скопје : Сојуз на дефектолози на Република Македонија, 2018. - 71 стр. : граф. прикази ; 30 см

Summaries кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-65438-4-6

а) Комуникациски нарушувања - Собири - Зборници б) Нарушувања на говор - Собири - Зборници
COBISS.MK-ID 106410762

ИЗДАВАЧ НА ЗБОРНИКОТ

СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ликовно уредување
Бомат Графикс

Печати
Бомат Графикс

Тираж
150 примероци

УДК : 376.011.3-051:340.13(497.7)

# Логопедот и неговиот професионален статус низ законските регулативи во РМ

Мира Јовановска, Весна Лазаровска
ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје

# The speech patologist and his/her professional status in terms of the legal regulations in the Republic of Macedonia

Mira Jovanovska, Vesna Lazarovska

**Апстракт**

Логопедот е носител на професионалната дејност на подрачјето на проучување на патологија во вербалната комуникација и рехабилитација на логопатите, т.е. лицата со патолошка состојбаво вербалната комуникација

Програмата и процесот на рехабилитација се остварува со логопедската технологија , односно со методи, средства и принципи на логопедската практика низ основните облици на својата професионална дејност: логопедска превентива, логопедска дијагностика, логопедски третман и логопедска протетика.

На интернационално и национално ниво логопедската практика се остварува преку специјализирана логопедска работа или организациски единици: работно место на логопедот, логопедска амбуланта, кабинет и поликлиника, логопедска клиника, завод, центар или институт.

Логопедската практика ја санкционираат позитивни законски регулативи, а ја дефинираат, насочуваат и одредуваат три основни документи: а. Опис на занимањето логопед , б. Регистар и номенклатура на услуги во логопедската дејност и в. Нормативи во логопедската дејност.

Јавните здравствени установи Завод за рехбилитација на слух, говор и глас од Скопје и Битола се единствени кои се занимаваат со специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита на лицата со говорно-јазична патологија во амбулантски и болнички услови

Согледувајќи го дефицитот од логопедски кадар во РМ при Медицински факултет во Скопје започна едукација а со тоа и формирање на логопедски кадар. Бидејќи во тој период беше имплементирањето на ЕКТС по Болоња во нашиот научно образовен процес, студиите по логопедија се акредитираа како тригодишни стручни студии 3+2. По нивно завршување студентите се здобиваат со титула: дипломиран логопед .

Дипломираниот логопед ја практикува својата активност автономно откако ќе се здобие со диплома за завршени додипломски студии и ќе го положи професионалниот испит.

Според ваквото дефинирање на законот, логопедите кои работат во здравствени установи и покрај тоа што самостојно вршат здравствена дејност, сепак се наоѓаат во групата на здравсвени соработници. Ваквата позиција ја диктира класификацијата на работното место на логопедот во Законот за здравствена заштита.

*Клучни зборови:* логопед, зконска регулатива, професионален статус, едукација.